**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 0803 – 134/5***
***Скопје 07 – 07 - 2009 година***

**ДО**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
**СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст Дирекција), кои ја опфаќаат сметката на буџетот за редовно работење, а кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на Дирекцијата за 2007 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:
   - Маријана Марушиќ - директор во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 18/05/2009 до 10/06/2009 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - ✓ дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - ✓ дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од Дирекцијата за заштита на личните податоци добиено е писмо број 05 – 183/4 од 03/07/2009 година со кое известуваат дека презеле мерки согласно препораките кои се дадени во Претходниот извештај.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 11.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојбата

При ревизијата на позицијата Постојани средства констатирани се следните неправилности:

- Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор со одлука на Владата на Република Македонија од август 2005 година било ангажирано да спроведе адаптација на деловниот простор на ул. „Самуилова“ бр.10 во Скопје, кој согласно одлуката на Владата на Република Македонија од јуни 2006 година даден е на користење на Дирекцијата. Ревизијата не обезбеди податоци за износот на потрошените средства, кои дополнително би ја зголемиле вредноста на објектот.

- Дирекцијата за заштита на личните податоци не располага со имотен лист за градежниот објект кој и е отстапен на користење, како доказ за сопственост на истиот.

- Во сметководствената евиденција не е евидентиран софтверот изработен од Progressus Omnium Gentium Communis PROGECO, за потребите на Дирекцијата, како составен дел на активностите планирани согласно Проектот - Техничка помош за формирање на Дирекција за заштита на личните податоци и спроведување на принципите за заштита на податоци, финансиран од Европската Унија, а раководен од Европска Агенција за реконструкција.

Наведените неправилности се спротивни на одредбите од Законот за располагање со стварите на државните органи и Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и истите влијаат на нереално и необјективно искажување на податоците во финансискиот извештај – Биланс на состојба на ден 31.12.2008 година.

Врз основа на препораките од Претходниот извештај, Дирекцијата за заштита на личните податоци дополнително обезбеди:

- ✓ Податоци за вредноста на извршената адаптација на градежниот објект од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор и негово сметководствено евидентирање, која ќе биде основа за евидентирање во сметководствената евиденција;
- ✓ Потврда за запишување на промена во катастарот на недвижностите и Имотен лист од Агенцијата за катастар на недвижности, со кои е впишано правото на користење на објектот од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Во однос на утврдување на сметководствената вредност на софтверот изработен од Progressus Omnium Gentium Communis PROGECO, Дирекцијата за заштита на личните податоци се обрати до Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија, но според одговорот Делегацијата не е во можност да обезбеди прецизна вредност на изработениот софтвер.

**Препорака :**

Одговорното лице во Дирекцијата за заштита на личните податоци да ангажира стручно лице со цел да ја процени вредноста на предметниот софтвер, кое е неопходно за негово сметководствено евидентирање.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Дирекцијата за заштита на личните податоци на ден 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2008 година.

13. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи.

**14. Обелоденување:**

Во сметководствената евиденција не е евидентиран деловниот простор на ул. „Самуилова" бр.10 во Скопје, со површина од 312 м², кој согласно одлуката на Владата на Република Македонија од јуни 2006 година даден е на користење на Дирекцијата. Овој објект претставува културно наследство и со Решение бр.231/22 од 13.11.1967 година истиот е запишан во Централниот регистар на недвижни споменици на културата на Република Македонија.
Во текот на ревизијата одговорните лица во Дирекцијата, писмено се обратија до Управата за заштита на културното наследство со цел утврдување на вредноста на градежниот објект и негово сметководствено евидентирање. Од писмениот одговор добиен од Управата и разговорите со одговорните вработени во таа институција, добиени се информации дека се уште не е изготвена законска регулатива за проценување на вредноста на културното наследство.

Скопје, 06/07/2009 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| **Трансфери и донации** | | |
| Трансфери од други нивоа на власт | 9,981 | 7,929 |
| **Вкупно приходи** | **9,981** | **7,929** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 7,176 | 5,415 |
| Стоки и услуги | 2,584 | 2,180 |
| **Вкупно тековни расходи** | **9,760** | **7,595** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 221 | 334 |
| **Вкупно капитални расходи** | **221** | **334** |
| **Вкупно расходи** | **9,981** | **7,929** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 860 | 1,134 |
| **Вкупно тековни средства** | **860** | **1,134** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 2,413 | 2,963 |
| **Вкупно постојани средства** | **2,413** | **2,963** |
| **Вкупна актива** | **3,273** | **4,097** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 227 | 107 |
| Краткорочни финансиски обврски | 0 | 530 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 633 | 497 |
| **Вкупно тековни обврски** | **860** | **1,134** |
| **Извори на средства** | | |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Државен јавен капитал | 2,413 | 2,963 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **2,413** | **2,963** |
| **Вкупна пасива** | **3,273** | **4,097** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **2,963** | **2,963** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **227** | **227** |
| Набавки | 227 | **227** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **777** | **777** |
| Амортизација | 755 | **755** |
| Корекции на амортизација од претходни години спроведени од ДЗЛП | 22 | **22** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **2,413** | **2,413** |



*Ул:”Маршал Тито”бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

***Овластен државен ревизор***